# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Петок 25 Јули 2014 година Број 09/2014 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за утврдување итност за 23-та седница на Советот на општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за утврдување итност за 23-та седница на Советот на општина Радовиш, број 07- 1454/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 24.07.2014 год.

Бр. 08-1454/2 Градоначалник на
дата 25 Јули 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа и член 19 став 2 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 24.07.2014 година, донесе

ОДЛУКА
За утврдување итност на 23-та седница на Советот на општина Радовиш

Член 1
Се утврдува итност на 23-та седница на Советот на општина Радовиш заради преземање мерки од вршење проценка на штета од елементарна-атмосферска непогода, која ја зафати општина Радовиш на ден 23.07.2014 година.

Член 2
Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 07-1454/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24 Јули 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за утврдување потреба од проценка на штета од елементарна-атмосферска непогода во општина Радовиш на ден 23.07.2014 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за утврдување потреба од проценка на штета од елементарна атмосферска непогода во општина Радовиш на ден 23.07.2014 година, број 07-1455/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 24.07.2014 год.

Бр. 08-1455/2 Градоначалник на
дата 25 Јули 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 15 став1 точка 10 и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 24.07.2014 година, донесе

ОДЛУКА
За утврдување потреба од проценка на штета од елементарна-атмосферска

непогода во општина Радовиш на ден 23.07.2014 година

Член 1

Се утврдува потреба од вршење проценка на штета од елементарна-атмосферска непогода која ја зафати општина Радовиш на ден 23.07.2014 година.

1.Комисијата за проценка на штети веднаш да пристапи кон прибирањето податоци за направената матерјална штета кај физички и правнилица, како и сторената штета на инфраструктурата во општината;

2.Доколку има потреба, во проценката да се вклучат и надворешни стручни лица;

3.Граѓаните на општината кои претрпеле штета истата треба да ја пријават во локалната самоуправа во периодот од 07,30 - 15,оо часот секој работен ден заклучно со 01 08.2014 година;

4.Од буџетската резерва да се издвојат финансиски средства за санирање на оштетените инфраструктурни објекти, кои се во надлежност на општината, кои се склонопадни и можат да предизвикаат дополнителни несакани последици.

5.Градежните фирми со кои општината има склучено договор, согласно Законот за заштита и спасување, со својата механизација да пристапат кон расчистување на теренот.

6. Расчистувањето на теренот да се врши во согласност со овластените лица од општината.

член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 07-1455/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24 Јули 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за користење средства од буџетската резерва од Буџетот на општина Радовиш за 2014 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за користење средства од буџетската резерва од Буџетот на општина Радовиш за 2014 годинаброј 07-1456/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 24.07.2014 год.

Бр. 08-1456/2 Градоначалник на
дата 25 Јули 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 34 став 6 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр. 93/12) и член 16 од Одлуката за извршување на буџетот за 2014 година број 07-2576/1 од 20.12.2013 година став1 точка 10 и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 24.07.2014 година, донесе

ОДЛУКА
За користење средства од буџетската резерва од Буџетот на општина Радовиш за 2014 година

Член 1

Од буџетот на општина Радовиш за 2014 година од средствата наменети за буџетската резерва се одобруваат 1.500.000 денари, за санирање на последиците од атмосферската непогода на инфраструктурните објекти во општина Радовиш. Средствата се наменети за расчистување на улици, наноси под мостовите и доведување во функционална состојба, како и санирање на склонопадни потпорни ѕидови кои можат да предизвикаат дополнителни несакани последици.

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 07-1456/1 Совет на општина Радовиш
Дата 24 Јули 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Се врши исправка на Одлуката бр. 07-1340/1 од 01.07.2014 год. каде стои "Јашар Вејсело" а потребно е да стои "Јашар Вејселов" .

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ОПШТИНА РАДОВИШ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАДОВИШ
Бр. 26-1340/3
23.07 20 14 год
Радовиш

До
Сектор за нормативно-правни, јавни дејности и општи работи

Предмет: Барање за исправка на грешка во Одлука на Советот на Општина Радовиш Број 07-1340/1 од 01.07.2014 година.

Лицето **Јашар Вејселов** има поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објектУП 1.бр.26-1751 од 18.08.2011 година. Барањето заедно со целокупната документација е доставено до Советот на Општина Радовиш поради донесување на Одлука , при изготвување на барањето до советот направена е техничка грешка во презимето на лицето, наместо Јашар Вејселов во барањето до советот е напишано Јашар Вејсело и истото стои во донесената одлука од Советот на Општина Радовиш бр.07-1340/1 од 01.07.2014 година. Од тие причини бараме во Одлуката на Советот да биде исправено презимето .

Изготвил:
д.и.а Ефимија Гавритова

Раководител на сектор за урбанизам заштита на животната средина комунални работи и ЛЕР
д.и.а.Александар Иванов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА "УПРАВЕН ОРГАН" ОПШТИНА РАДОВИШ

СОДРЖИНА:

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за утврдување итност за 23-та седница на Советот на општина Радовиш----- 1
ОДЛУКА За утврдување итност на 23-та седница на Советот на општина Радовиш----- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за утврдување потреба од проценка на штета од елементарна-атмосферска непогода во општина Радовиш на ден 23.07.2014 година------------------------------------- 1
ОДЛУКА За утврдување потреба од проценка на штета од елементарна-атмосферска непогода во општина Радовиш на ден 23.07.2014 година------------------------------------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за користење средства од буџетската резерва од Буџетот на општина Радовиш за 2014 година---------------------------- 2
ОДЛУКАЗа користење средства од буџетската резерва од Буџетот на општина Радовиш за 2014 година-----------------------------2
ИСПРАВКА на Одлуката на Совет на општина Радовиш бр. 07-1340/1 од 01.07.2014 год------------------------------------------------------ 3